# ИНФОРМАЦИИ ЗА УПОТРЕБА
# Alkasept Foam

Раствор за миење и за дезинфекција на раце и на кожа
Подготвен за употреба

**Пред употреба внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за вас.**

## СОСТАВ

100 g **Alkasept Foam** содржи:
<u>активни состојки</u>:
- хлорхексидин диглуконат 0,8 g
<u>помошни состојки</u>:
- нејонски сурфактанти, згуснувач, омекнувачи на кожата, боја и мирисна компонента

## СВОЈСТВА И ДЕЈСТВО

**Alkasept Foam** е бистра, светлосино обоена, вискозна течност со освежителен мирис со pH од 5,5 до 7,0.
**Alkasept Foam** е препарат на база на хлорхексидин, со широк спектар на микробиолошко дејство, за кратко време на експозиција. Погоден е за кожата, ја омекнува и истовремено покажува многу добри карактеристики за нејзино миење.

**Alkasept Foam** има бактерицидно, вируцидно и фунгицидно дејство.

- **Бактерицид** – вклучувајќи ги и *Staphylococcus aureus*, отпорен на метицилин (MRSA) и *Pseudomonas aeruginosa*.
- **Вируцид** – обвиткани вируси, вклучувајќи ги и HBV, HIV и HCV.
- **Фунгицид** – вклучувајќи го и *Candida albicans*.

| МИКРОБИОЛОШКО ДЕЈСТВО | ТЕСТ-МЕТОД / СТАНДАРД | ВРЕМЕ НА ЕКСПОЗИЦИЈА |
|---|---|---|
| Хигиенска дезинфекција на рацете | EN 1500 | 30 секунди |
| Хируршка дезинфекција на рацете | EN 12791 | 3 минути (2 + 1 минута) |
| Бактерицидно (*MRSA, P.aeruginosa)* | EN 1040 / EN 13727 | 60 секунди |
| Фунгицидно (*C.albicans*) | EN 1275 / EN 13624 | 60 секунди |
| Вируцидно – обвиткани вируси (HBV, HIV, HCV) | Стандард на германското здружение за контрола на вирусни болести | 60 секунди |
| Вируцидно - Vaccinia, BVDV | EN 14476 | 5 минути |

## УПОТРЕБА

**Alkasept Foam** е наменет за:

- хигиенско миење и дезинфекција на рацете;
- хируршко миење и дезинфекција на рацете и за
- миење и дезинфекција на телото и на кожата, пред медицинска употреба и пред оперативни интервенции.

**Alkasept Foam** има широка примена во:

- болници и во здравствени установи;
- прехранбена индустрија;
- фармацевтска и козметичка индустрија;
- јавни и приватни установи и во
- домаќинства

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Alkasept Foam** е раствор подготвен за употреба, со стабилна пена и со добри својства на чистење. Погоден е за повеќекратна употреба во текот на денот. Дезинфекцијата се прави со втривање на растворот на рацете или на кожата до појава на пена во изобилство. Оставете го растворот да дејствува во согласност со приложеното во табелата подолу, а потоа исплакнете со многу вода. Употребете чист пешкир или крпа за бришење додека не се исуши.

| ПРЕДМЕТ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА | ДОЗИРАЊЕ | ВРЕМЕ НА ИЗЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Хигиенско миење и дезинфекција на рацете | 5 ml | 30 секунди |
| Хируршко миење и дезинфекција на рацете | 2 x 5 ml | 3 минути (2 + 1 минута) |
| Миење и дезинфекција на кожата и на телото пред медицинска употреба или пред оперативни интервенции | Доволна количина | 60 секунди |

## МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Не смее да дојде во контакт со очите. Ако се проголта, не предизвикувајте повраќање. Во случај на појава на симптоми на труење, веднаш побарајте совет од лекар.

## НАЧИН НА ЧУВАЊЕ

**Да се чува на места недостапни за деца!**
**Alkasept Foam** чувајте го во добро затворена, оригинална амбалажа, на суво и на проветрено место, на температура од 0 °C до 37 ºC. Не изложувајте го на директна сончева светлина.

**РОК НА УПОТРЕБА:** 2 години

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Изглед на Alkasept Foam и содржина на пакувањето**
**Alkasept Foam** е бистра, светлосино обоена, вискозна течност со освежителен мирис.
**Alkasept Foam е спакуван во:**
- пластично шишенце со содржина од 500 ml, со диспанзер (12 шишиња во збирна кутија);
- пластично шишенце со содржина од 1000 ml, со диспанзер (12 шишиња во збирна кутија);
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 3 l, по 4 канистри во збирна картонска кутија;
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 5 l, по 4 канистриво збирна картонска кутија и
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 10 l, по 4 канистри во збирна картонска кутија.

**За информации околу безбедноста при употребата, ве молиме користете безбедносен лист.**

**Број и датум на решението за промет:** 19-954/2 од 28.12.2022

**Производител:**
ЖИВАС ООД
бул. „Асен Јорданов“ бр. 14,
1592 Софија, Бугарија
тел.: + 359 2 981 78 23
факс: +359 2 9802507
www.zhivas.com

**Дистрибутер:**
АЛКАЛОИД АД Скопје,
бул. „Александар Македонски“ бр. 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел..: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk